Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

## Извадок на дел од дневни настани 13.01.2023

Полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар вчеравечер (12.01.2023) околу 20.30 часот и 30 минути, на улица „Мара Угринова" во Гостивар, ги лишиле од слобода Л.Ф.(60) од гостиварско Форино, Ш.А.(48) од гостиварски Добридол и Е.К. (23) од гостиварско Калиште. При преглед на просторијата што ја користел Л.Ф. биле пронајдени 20 пакувања хероин и грутка кокаин. Тројцата се задржани во Полициската станица Гостивар и по целосно документирање на случајот ќе им бидат изготвени соодветни поднесоци по член 215 од Кривичниот законик.

На 13.01.2023 во 00.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.С.(48) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.01.2023 во 16.30 часот на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.К.(36) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.01.2023 во 22.00 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Ф.(20) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.01.2023 во Битола, полициски службеници од Полициската станица Битола ги лишиле од слобода Г.Н.(33) и М.Ј.(32), двајцата од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.01.2023 во 01.35 часот на локалниот пат Струмица-село Баница, полициски службеници од Полициска станица Струмица извршиле контрола на патничко возило „фолксваген голф" со струмички регистарски ознаки. При контролата, кај малолетен сопатник од Гевгелија, кој престојувал во Струмица, била пронајдена марихуана. Во присуство на родител, со малолетникот бил извршен разговор во полициска станица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.01.2023 во с.Богомила, општина Чашка, полициски службеници од СВР Велес ги лишиле од слобода С.Ј.(65) и Т.Б.(50) од Скопје. При преглед на возило „опел фронтера" со скопски регистарски ознаки, кај С.Ј. биле пронајдени и одземени една ловечка пушка калибар 16GA и 14 куршуми за неа, додека кај Т.Б. биле пронајдени и одземени еден ловечки карабин „Црвена застава" калибар 8,57 и 15 куршуми за него. Тие биле приведени во Полициската станица во Велес и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.01.2023 околу 18.20 часот во тетовско Теарце, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 26-годишниот А.Р. од тетовско Доброште за издржување затворска казна. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

Полициски службеници од СВР Куманово, вчера околу 16.00 часот, го привеле Б.Ј.(40) од Куманово, затоа што во семејната куќа во кумановската населба „Иго Тричковиќ" со нож го нападнал својот татко С.Ј.(65), кој им подлегнал на повредите. Извршен бил увид од екипа на СВР Куманово, а телото на починатиот, по наредба на Јавен обвинител, било предадено за обдукција. По целосно расчистување на случајот, против Б.Ј. ќе следува соодветна пријава.

На 12.01.2023 во 23.20 часот, четворица вработени во Затворска полиција кои биле со комбе „форд транзит" на Затворската полиција, побарале помош од полициски службеници на СВР Скопје, откако, според нивната пријава, додека вршеле спровод на осуденик Б.М., од КПУ Идризово кон Ургентен центар „Мајка Тереза", на автопатот, осуденикот му го одзел пиштолот на возачот И.Х., вработен во Затворска полиција, пукал и го ранил И.Х.. Потоа осуденикот избегал со патничко возило „ауди". Повредениот вработен во Затворската полиција е пренесен во Ургентен центар за укажување лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.01.2023 во 06.10 часот, при контрола на подрачјето над с.Франгово, струшко, полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Франгово пронашле една рачна бомба без запалка. Увид бил извршен, а бомбата била подигната од пиротехничар од Дирекцијата за заштита и спасување.

Во текот на вчерашниот ден (12.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 299 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 153 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 146 надвор од населено место.

На 12.01.2023 во периодот од 09.00 до 15.00 часот на подрачје на Секторот за внатрешни работи Струмица била спроведена контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од дозволената. Притоа, биле констатирани 131 прекршок, од кои 87 на подрачје на Струмица, 24 на подрачје на Радовиш, 15 на подрачје на Валандово и 5 на подрачје на Гевгелија. Сите констатирани прекршоци биле соодветно санкционирани.

На 12.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 34 прекршоци, од кои 19 во населено место и 15 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 21 други видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за нерегистрирано возило, 4 за возач почетник, 3 за управување возило под дејство на алкохол, 5 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 1 за непрописно паркирање.

На 12.01.2023 во 21.30 часот во ОВР Кавадарци било пријавено дека на ул.„Шишка" во Кавадарци, патничко возило „опел вектра" со неготински регистарски ознаки, управувано од А.А.(25) од село Марена, излетало од патот. Во несреќата, со телесни повреди се здобиле возачот и сопатниците А.А.(27) и А.Ш.(36) од село Марена, додека сопатникот С.А.(46) од истото село се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општа болница Кавадарци. По овластување на Јавен обвинител, увид на местото на несреќата извршила увидна екипа од ОВР Кавадарци.

На 12.01.2023 во 18.30 часот во Полициската станица Карпош, Т.А.(68) од Велес пријавила дека на ул.„Влае" била касната од куче скитник.

На 12.01.2023 во 10.30 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, М.О.(49) од Скопје пријавила дека на ул.„Лука Геров" била касната од куче скитник.

На 12.01.2023 во 18.40 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода С.С.(39) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Карпош, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, прашкаста материја, бела грутчеста материја и семки од канабис. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.01.2023 околу 21.20 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар лишиле од слобода малолетник од Добридол поради сомнение за негова инволвираност во две кражби пријавени во текот на овој месец во Добридол. Се расчистува и документира случајот, по што ќе следува соодветен поднесок.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Џ.С.(64) од с.Падалиште, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење јавен превоз без поседување лиценца". На 23.12.2022, пријавениот бил затекнат како со патничко возило „фолксваген пасат" со гостиварски регистарски ознаки врши јавен превоз на патници без да поседува лиценца издадена од надлежен орган.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Дебар поднесе кривична пријава против Б.П.(42) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје, муниција или распрскувачки материи". При преглед во неговото возило на регионалниот пат Блато – Маврово, на место викано „Бошков мост", полициските службеници пронашле куршуми.

На 12.01.2023 во 13.18 часот во Полициската станица Аеродром било пријавено дека во објект во изградба на ул.„Илија Димовски Гоче" во Скопје починал Д.Н.(64) од Скопје. Според пријавеното, Д.Н. бил во посета кај сопственикот на објектот, со кого биле во роднински врски и додека се симнувал по скали паднал и од здобиените повреди починал на местото. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 12.01.2023 во 12.05 часот во СВР Куманово, Т.Т.(82) пријавил дека на улица „Климент Охридски" во Куманово бил каснат од куче скитник.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет